Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 7, 12 мај 2008 година

мај 2008
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на кандидат за асистент во наставно-научната област *ботаника* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *растителна физиологија со биохемија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *историски науки* на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународна економија" од доц. д-р Ристо Фотов – Економски факултет .............. 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Математика" од авторките д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за оценка на докторската дисертација „Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија" од м-р Виолета Стојанова, Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Практикум по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов .............. 28

31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Збирка на решени задачи по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов .............. 34

37

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## РЕЦЕНЗИЈА НА ТРУДОТ

1. **Наслов на трудот (учебникот)**
„Меѓународна економија“.

2. **Наслов на предметот**
Меѓународна економија во прва студиска година - втор семестар, со неделен фонд на часови 3+2. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма предвидена за овој предмет во прва година на Економскиот факултет за насоката меѓународна економија. Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа наставната програма по наведениот предмет.

3. **Општи податоци за ракописот**
Предложениот ракопис е со 264 страници и, главно, ги третира следниве прашања: економската мисла и меѓународната трговија; поим, развој и разлики помеѓу внатрешната и надворешната трговија; современи текови во меѓународната трговија; девизи, девизен курс и девизен пазар; меѓународен монетарен систем; биланс на плаќањата; меѓународен пазар на капитал и елаборација на елементите на современата глобализација во меѓународната економија.

4. **Име и презиме на авторот на трудот**
Доц. д-р Ристо Фотов.

5. **Име и презиме на рецензентите**
Проф. д-р Тодор Тодоров и проф. д-р Трајче Мицески.

6. **Значење на предметот кој се обработува во трудот**
Презентираниот труд разработува прашања кои се однесуваат на меѓународна економија (објаснувајќи го поимот меѓународна економија – меѓународна трговија, трговски систем и меѓународни финансии), разработувајќи ги поединечно теориите на меѓународната трговија. Заедничко за теориите за меѓународната трговија е во нивното настојување да дадат објаснување - зошто одделни нации тргуваат помеѓу себе, односно да се даде одговор на прашањата - што ги определува обемот, структурата и правците на меѓународните трговски текови. Секоја од нив има свои аргументи за korиста од меѓународната трговија за националните економии.

Меѓународна економија ги проучува меѓународните економски трансакции кои во себе ги вклучува меѓународната трговија и меѓународните финансии. Авторот успешно ги поставува и разработува прашањата поврзани со меѓународната трговија. Во почетокот на трудот, авторот се задржува на меркантилизмот кој претставува правец во развојот на економската мисла и доминирал повеќе од два века, почнувајќи од XV па сè до XVII век, па и до XVIII век. Авторот нагласува дека основата на меркантилистичкото учење е во тоа што тој смета дека изворот на материјалното богатство во светот се наоѓа во трговијата, особено во меѓународната. Интересно е да се истакне дека меркантилизмот се развил во времето кога европската економија била во транзиција.

Меркантилистите сметале дека благосостојбата на една национална економија зависи од количеството благородни метали, особено златото, со кои таа располага. Ако земјата не располага со наоѓалишта на благородни метали на својата територија, тогаш таа ќе може де го зголеми своето национално богатство само доколку го поттикнува извозот и, едновремено, го ограничува увозот на стоки и услуги. Авторот во трудот продолжува со елаборации на теоријата на апсолутните предности на Адам Смит и теоријата на

компаративните предности на Давид Рикардо, со кои дефинитивно им се задава сериозен удар на ставовите на меркантилизмот. Теоријата на апсолутните предности претставува прва направена критика на меркантилизмот и меркантилистичката филозофија. Според неа, некоја земја има апсолутна предност во производството на некое добро ако за неговото производство троши помалку труд. Ставајќи ја поделбата на трудот како првостепен фактор во зголемувањето на националното богатство, Смит наведува дека количеството на годишни производи на еден народ зависи од два фактора: од количеството на труд, ангажиран во производството, и од продуктивноста на трудот.

Во натамошните елаборации авторот се задржува на разгледување и објаснување на теориите на меѓународната трговија како Маршалијинска или Кембриџска школа, потоа теоријата на Џон Мејнард Кејнз, кејнзијанизмот и монетаризмот, неокласична синтеза – Самуелсон, Хекшлер-Олинова теорија.

Во трудот „Меѓународна економија“ авторот ги потенцира причините кои ја детерминираат меѓународната трговија: разликите во условите на производство; потребата од искористување на економијата на обемот и појавата на опаѓачките трошоци и разликите во преференциите на потрошувачите.

Посебен простор ѝ се посветува на меѓународната трговска политика: интервенционизам, стратешка трговска политика на развиените земји, политика на увозна супституција наспроти политика на извозна експанзија, аргументи за и против слободна трговија. Соодветен простор им се посветува на карактеристиките на економските текови во меѓународната економија: меѓународна размена на стоки, услуги, трансфер на технологија и меѓународно движење на работната сила. Неизбежно е третирањето на меѓународниот монетарен систем, меѓународните финансии, билансот на плаќањата: поим и структура на билансот на плаќањата, теории за урамнотежување на билансот на плаќањата, методите и политиката на урамнотежување на билансот на плаќањата. Прашањата на девизи, девизен курс и девизен пазар; меѓународен монетарен систем; меѓународен пазар на капитал и елементите на современата глобализација во меѓународната економија.

**7. Оригиналност на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла**

Според содржината и начинот на разработка, трудот претставува дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чија примена овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност во одвивањето на меѓународните економски текови.

**8. Други трудови за ист или сроден предмет со компонирање оценка за квалитетот на трудот**

Кај нас има презентирани трудови од областа на меѓународна економија, но овој труд, според начинот на разработка и презентирање на содржината, е различен и оригинален. Трудот претставува научен материјал со висок квалитет, којшто може да го користат студентите и сите што работат на проблематика која е блиска со меѓународната економија.

**9. Соодветност на променетата методологија**

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

**10. Научната заснованост на експликацијата на заклучоците**

Заклучоците наведени во трудот се резултат на методологијата на научното истражување.

**11. Стручна композиција на трудот**

Трудот е систематски и логички подреден во осум глави. Во првата глава е претставена економската мисла и меѓународната трговија, втората глава е посветена на поимот, развојот и разликите помеѓу внатрешна и надворешна трговија, а третата глава е посветена на современите текови во меѓународната трговија. Четвртата глава ги разработува девизите, девизниот курс и девизниот пазар, за да следи третирањето на меѓународниот монетарен систем. Во шестата глава од трудот се разработува билансот на плаќањата (поим, дефиниција, концепти и значење), притоа не оставајќи ги отстрана теориите на приспособување на билансот на плаќањата и сл. Седмата глава авторот ја посветува на меѓународниот пазар на капитал. Притоа посветува соодветен простор за објаснување на поимот што претставува меѓународен пазар на капитал, сегменти на меѓународниот пазар на капитал, меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити, меѓубанкарски пазар на доверителски хартии од вредност, меѓубанкарски пазар на сопствени хартии од вредност, проблемот на задолженоста на помалку развиените земји. Конечно, осмата глава од трудот „Меѓународна економија", кој е предмет на рецензија, е посветена на елементите на современата глобализација во меѓународната економија.

**12. Претпоставен интерес на научната и другата јавност за која трудот е наменет**

Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на меѓународна економија, но не само како литература за изучување на истоимениот предмет, туку и пошироко.

**13. Резиме на трудот**

Во трудот се нагласува дека со сознанијата од меѓународна економија се даваат можности за стекнување пошироки знаења од меѓународните економски текови кои во одредени моменти ќе им бидат од корист на сите кои работат во соодветни работни ангажмани, кои бараат солидни и продлабочени познавања од меѓународните економски односи.

**14. Други напомени за трудот**

Трудот ја разработува проблематиката на меѓународна економија, нудејќи неопходни сознанија од наведената област за студентите кои ја изучуваат оваа проблематика по истиот предмет, но и за пошироката јавност која има потреба од збогатување на сознанијата од областа на меѓународна економија.

**15. Препорака за печатење**

Трудот **„Меѓународна економија"** ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, бидејќи студентите и сите други кои се занимаваат со проблематика од меѓународна економија во овој труд ќе најдат одговор на бројни прашања кои треба да ги изучуваат и со кои се среќаваат во практиката на своето работење. Поради ова со големо задоволство препорачуваме истиот да биде објавен како основен учебник.

**Р е ц е н з е н т и:**

**Проф. д-р Тодор Тодоров, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, с.р.**